# Упатство за вклучување на симултано толкување

Сите учесници кои ќе ги следат ЕДУИНО Вебинарите, ќе имаат опција да ги следат истите на македонски јазик и албански јазик со симултано преведување и тоа:

- **Преку ZOOM платформата:** преку можноста за директно избирање на соодветниот јазик на кој сакаат да го слушаат вебинарот.

- **Преку YouTube платформата преку два засебни линкови за приклучување на следење на вебинарот и тоа:** еден линк за следење на вебинарот на македонски јазик и еден линк за следење на албански јазик.

## 1. Како да вклучите симултано толкување преку Zoom?

Доколку вебинарот сакате да го слушате на албански јазик преку Zoom платформата, се што треба да направите е да ја кликнете третата икона, во долниот дел од екранот, која може да ја видите на сликата подолу, да кликнете на нејзе и да ја одберете опцијата за албански јазик.






Но, доколку сакате да го слушате вебинарот од мобилен уред, најпрво треба да ја кликнете иконата во горниот лев агол. При што ќе се отвори нов прозорец. По отварањето на новиот прозорец, ќе се појават сите можни опции за слушање на вебинарот, вие ќе треба да ја изберете опцијата за слушање на албански јазик, при што пожелно е да се вклучи опцијата „Mute Original Audio“, доколку не сакате да слушате во исто време и на македонски и на албански јазик, при што би можело да дојде до мешање на гласови.







## 2. Како да вклучите симултано толкување преку YouTube?

Наједноставната опција е да ја отворите страницата на вебинарот, да отидете подолу на истата и да кликнете на копчето „YouTube АЛБ“, при што самото тоа ќе ве однесе до стримот/снимката каде вебинарот се толкува на албански јазик.

Воедно, доколку пак вебинарот сте го вклучиле директно преку YouTube, тогаш само проверете во опис на вебинарот и таму ќе најдете линк до стримот со симултано толкување.

